РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 10 - 209/1
10 10 2024 год.
Нов Дојран, Дојран

# И З В Е Ш Т А Ј
## од самоевалуацијана ООУ “Кочо Рацин” - Нов Дојран
## период 2022-2024 година



**Дојран, Август, 2024 год.**

**ИЗВЕШТАЈ од самоевалуација на ООУ "Кочо Рацин"Нов Дојран период 2022-2024 година**

Врз основа на член 129, став 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ 161/91 и 229/2020 г.) Општинското основно училиште "Кочо Рацин " изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 06.10.2022 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Гордана Терзиева, наставник ментор по биологија и хемија
2. Ристо Ристов, наставник по математика и физика
3. Жаклина Кречева, педагог
4. Сања Точева, специјален едукатор и рехабилитатор
5. Елена Цинова Мазнова, член на Совет на родители

Самоевалуацијата беше спроведена во период од април-август 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учесуво на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што п беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно

| ПОДРАЧЈЕ | ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ |
|---|---|
| Планирање, настава и учење | Гордана Терзиева, Драгица Маказчиев, Мара Пејкова,Д ејан Вичентијевиќ, Анатомија Минчева, Марија Ангова Цветковска |
| Постигања на учениците | Зорица Илиева, Марија Вичентијевиќ, Тамара Бојаџиева, Драган Вурмо, Танжу Билалоглу, Емел Селманова |
| Училишна клима и односи во училиштето | Рисана Василева, Ирена Катранџиева, Дани Упчева, Кирил Кречев, Ѓургица Чучанова, Стефани Шапкарова |
| Управување и раководење | Ристо Ристов, Марија Гугова Стоева, Николинка Ѓоргиева, Крсте Гогов, Ленче Илкова, Кирил Изов |

Процесот на самоевалуација се одвиваше низ четири фази: (1) подготовка, (2) собирање податоци, (3) анализа на податоците и (4) пишување извештај. Беа користени повеќе методи и инструменти на собирање податоци анкетирање преку анкетни прашалници за наставници, ученици и родители, интервјуирање и дискусија на фокус групи од сите чинители на воспитно-образовниот процес преку водичи за дискуисја и интервју, набљудување и следење, анализа на постоечка документација. Анкетите беа анонимни и спроведени по електронски пат. Во текот на работата, тимовите оствариja средби и разговори со вработени во училиштето, ученици и родители, како и интервју со директорот и стручна служба. Се изврши проверка на потребнат а документација и од неа се користеа повеќе податоци. Сите добиени податоци беа анализирани, секое тврдење или опис на постигнатост на индикаторот е поткрепен со релевантни докази

Целта на Самоевалуацијат а е со конкретни анализи и осврти на сите подрачја на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето , напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување, од кои ќе произлезат целите при изготвување на Развојната програма на училишто. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сит е учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно –образовниот процес

Извештајот од спроведената самоевалуација претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, во кој се опфатени сите четири подрачја.

## ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

Индикатори за квалитет :

1.1 Планирања на наставниците
1.2 Наставен процес
1.3 Искуства на учениците од учењето
1.4 Оценувањето како дел од наставата
1.5 Вонпаставни активности и натпревари

**Резиме**

Воспитно-образовниот процес во ООУ,,Кочо Рацин“ успешно се реализира со квалитетни планирања од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата. При што се води сметка да се даде целосна поддршка и неопходна помош при изработка на планирањата, како и при реализација на наставата, како од страна на стручната служба, на наставниците-ментори, така и од еден наставник на друг. Исто така, педагошката евиденција и електронската евиденција се води уредно. Од увидот во Е-дневник е констатирано дека наставата во предметна и одделенска настава, по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем, според пропишаниот распоред на часови. Со тоа што како мал недостаток се смета неможноста секогаш да се задоволат желбите на сите ученици во однос на изборот на саканите предмети за изучување, како и вонпаставните активности во кои ќе бидат вклучени. При реализација на планираните содржини, со мали отстапки, наставниците ги адаптираат темите спрема индивидуалните потреби на учениците и користат што е можно повеќе ИКТ ресурси, покажуваат флексибилност и ги прилагодува наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците. За секој наставен предмет се изготвуваат критериуми за оценување со кои ги запознаваат учениците на самиот почеток на наставата. Освен учениците, со критериумите ги запознаваат и родителите. Во училиштето има кодекс на оценување со кој ги запознаваат и родителите и учениците. Секогаш даваат писмена и усна повратна информација за подобрување на постигањата учениците.

**Клучни јаки страни**

- Оптимално користење на постојната литература и материјално-тецничките услови за работа вклучувајќи ја ИКТ технологијата (смарт табли, ЛЦД проектори ) во училиштето.
- Успешна реализација на додатна и дополнителна настава.
- Изработка на план за Личен професионален развој на сите наставници.
- Соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на наставни и вонпаставни активности..

- Препознатливи во локалната заедни за планирање и реализација на активности и добиени грантови за меѓуетничка интеграција во образованието.
- Користење на информациите од оценувањето во наставата, за подобрување на учењето.
- Учество на натпревари и добивање на значајни награди на учениците.

**Слаби страни**

- нема посебни утврдени пишани процедури за следење и давање на поддршка за подобрување на наставата.
- недоволна вклученост на учениците во процесот на планирање на вонnаставните активности.
- нема пристапна рампа во тоалетите, ниту пак на скалите за втори спрат, (нема ученици со физички хендикеп, но не значи дека во иднина ќе нема).
- Училиштето нема стандарди за оценување на ученици со ПОП, освен некои насоки дадени од МОН, за начините на оценување на таквите ученици.
- недоволно познавање на македонскиот јазик(јазична бариера која го отежнува учењето), за учениците кои наставата ја следат од VI- IX на македонски јазик, а претходно наставата ја следеле на турски јазик.

**Приоритети**

- Организирање на обуки и семинари за подобро и поуспешно планирање и реализација на образовна инклузија
- Обезбедување на стандарди за оценување на ученици со ПОП.
- Изградба и набавка на : пристапна рампа во тоалетите, на скалите за втори спрат, (нема ученици со физички хендикеп, но не значи дека во иднина ќе нема).
- Дополнително изучување на македонскиот јазик(вклучување на училиштето во проекти од локалната заедница, преку кои се овозможува бесплатно изучување на македонскиот јазик).

## ПОДРАЧЈЕ 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Индикатори за квалитет :

2.1 Постигање на учениците 2.
2.2 Мерки за подобрување на постигањата

**Резиме**

Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците,по сите наставни редмети во текот на целата учебна година. Постигањата на учениците во училиштето се следи преку проверка по пат на усно и писмено проверување. Учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето посетуваат дополнителна настава, а учениците кои покажуваат поголем интерес за зголемување на своите знаења посетуваат додатна настава.
За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение.. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација, употреба на ИКТ во наставата, користење на интерактивна табла, одржување на отворени часови), а сето тоа придонесува часовите да се поорганизирани.
Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навремено презема конкретни активности за подобрување на редовноста кај учениците. Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот.

**Клучни јаки страни на училиштето**

- Подобрување на постигањата на учениците е преку примена на современи форми и методи во наставата,редовно организирање и реализирање на додатна и дополнителна настава.
- Континуирано осовременување на условите за работа во училиштето (просторни и технолошки).
- Поддршката што ја добиваат учениците во нашето училиште од страна на наставниците,педагошко-психолошката служба и раководството е на високо ниво.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

**Слаби страни на училиштето**

- Слаба соработка  со родители на ученици со слаб успех;
- Недоволна заинтересираност за самостојно вклучување и учество во додатна настава и воннаставни активности .
- Нема доволно финансиски средства за наградување и потикнување на учениците и наставниците за постигнување на повисоки резултати;

**Приоритети**

- Подобрување на соработката со родителите  на учениците со слаб успех.
- Поголема информираност на родителите на родителските и индивидуалните средби и разговори за активно вклучување на учениците кога се повикуваат на дополнителна и додатна настава и во воннаставни активности со цел подобрување на нивните резултати, стекнување поголеми знаења и развивање на додатни вештини.
- Изнаоѓање финансиски средства за наградување на учениците(спонзорства, донации).

## ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Индикатори за квалитет:

3.1 Училишна клима и односи во училиштето
3.2 Еднаквост и правичност
3.3 Партнерски однос со заедницата
3.4 Севкупна грижа за учениците

Училиштето „Кочо Рацин “Нов Дојран , е препознатливо во локалната средина како модерно, квалитетно и безбедно училиште со препознатлив идентитет. Училиштето ги афирмира активностите и постигнувањата на училиштето и учениците што е една од главните развојни цели кои со утврдена динамика на активности се реализираат во изминатите две години.

Училиштето има Кодекс на однесување, и облекување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури и истиот редовно се ажурира. Родителите и учениците се запознаени со Кодексот на повеќе начини и училиштето постојано се залага за негово почитување како и за соодветно постапување доколку истиот не се почитува. Во училиштето има добра работна атмосфера што произлегува од добриот однос меѓу вработените, вработените и учениците раководниот орган и учениците. Се соработува и на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети околу работи поврзани со воспитно-образовниот процес. Во училиштето не постои говор на омраза, провокации и навреди. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење. Постои позитивна клима.

Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Учениците и родителите се навремено информирани за сите работи што се од нивен интерес , учениците се вклучени во процесот на решавање проблеми и давање свое мислење, предлози и идеи, родителите се чувствуваат слободни да поставуваат прашања и да ги посочуваат проблемите со кои се соочуваат нивните деца и вклучени се во различни активности на училиштето. Училиштето се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците во однос на заштита на детските права. Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето е отворено за соработка со родителите почитувајќи ги нивните аргументирани идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес. Соработката со локалната средина училиштето ја планира и остварува со цел да се стават сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето што се од интерес за воспитно образовната работа. Училиштето има Протокол за превенција на насилство и дискраминација и поголем дел од родителите и учениците се запознаени со истиот и постапувањето по него. Училиштето се грижи за социоемоционалната добросостојба на учениците. Училиштето презема низа активности со кои пружи помош при изборот за продолжување на образованието. Во училиштето функционираат Ученички парламент, кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелката. Ученичкиот парламент го одразува етничкиот состав на учениците во училиштео. Во училиштето има Ученички правобранител.

Учениците навремено и целосно се информирани од претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент. Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се покануваат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор.

**Клучни јаки страни**

- Училиштето ужива углед во градот и општината.
- Училиштето користи различни начини на промовирање на активностите и постигнувањата на учениците.
- Училиштето постојано се залага за почитување на Кодексот на однесување
- Училиштето, за афирмирање на наставните и на вонанаставните активности, како и за промовирање на меѓуетничка
    - интеграција, соодветно ги користи различните медиуми(интернет страница, социјални мрежи, локални медиуми.
    - ученичко катче и сл.).
- Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.
- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

**Слаби страни**

- Добар дел од учениците се чувствуваат неприфатени од своите соученици, кое мислење го потврдуваат и дел од родителите.
- Добар дел од учениците не искажуваат позитивен став кон одењето во училиште.
- Недоволно учество на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот, наркотичките средства.
- Недоволно учество на учениците во работилници за заштита и превенција од штетните влијанија на насилното однесување.

**Приоритети**

- Во училиштето да се применат и пронајдат активности, методи и начини за прифаќање на учениците од своите соученици
- Да се пронајдат причините заради кои учениците не искажуваат желба за одење на училиште и да се надминат
- Поголемо вклучување на учениците во активности,предавања, работилници за превенција на рзлични видови на насилство
- Поголемо вклучување на учениците во активности, предавања, работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот, наркотичкитр средства

## ПОДРАЧЈЕ 4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Индикатори за квалитет :

4.1 Управување и раководење со училиштето
4.2 Цели и креирање на училишната политика

**Резиме**

Органот на управување-УО, органот на раководење-директорот , Наставничкиот совет , Советот на предметни наставници, Советот на одделенски наставници успешно функционираат во одно с на организирање, управување и раководење на работата во училиштето. Директорот на училиштето е транспарентен во доменот на неговите надлежности. Секогаш навремено ги информира вработените за сите новитети кои се случуваат во училиштето и со севкупното работење во училиштето. Исто така училишниот одбор односно членовите на училишниот одбор секогаш донесуваат одлуки по сопствено убедување и според сопствено мислење.

**Клучни јаки страни**

- Членовите на училишниот одбор одлуките кои ги носат на состаноците ги носат по сопствено убедување и без притисок од останатите членови на УО, или на директорот.
- Сите субјекти во училиштето успешно функционираат во однос на организирање,управување и раководење на работата на училиштето.
- Целите и потребите во училиштето се јасни и прецизни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирања на постигањата на учениците.
- Успешна соработка со локалната самоуправа, фирми, институции
- Наменско користење на буџетските и материјалните средства.

**Слаби страни**

- Недоволна информираност на родителите од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период.
- Училиштето нема воспоставено механизми за пофалување, наградување на наставници кои дополнително се ангажираат и надоградуваат во својата работа и кариерен развој.
- Обезбедување редовни, детални и сеопфатни информации за работа на Училишниот одбор на другите субјекти вклучени во

| |
|---|
| воспитно-образовниот процес. |
| **Приоритети**<br><br>▪ Преставниците од Советот на родители да бидат потранспарентни во однос на информирање на родителите од паралелките за резултатите, одлуките и активностите кои треба да се спроведат.<br>▪ Членовите од УО да бидат потранспарентни во однос на информирање на родителите за резултатите, одлуките и активностите кои треба да се спроведат.<br>▪ Воспоставување на механизми за пофалување, наградување на наставниот кадар според вложениот труд. |

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

1. Гордана Терзиева, наставник ментор по биологија и хемија
2. Ристо Ристов, наставник по математика и физика
3. Жаклина Кречева, педагог
4. Сања Точева, специјален едукатор и рехабилитатор
5. Елена Цинова Мазнова, член на Совет на родители